## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НАЃУБРИЊА, БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

### Член 1

Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 154/15 и 39/16), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За важноста на решенијата за евидентирање во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата издадени врз основа на дозвола издадена од земја членка на Европската унија, за време на траење на вонредната состојба ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

### Член 2

Решенијата за евидентирање во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, издадени врз основа на дозвола издадена од земја членка на Европската унија, чиј рок на важење на дозволата е истечен или истекува за време на траење на вонредната состојба, продолжуваат да важат за време на траење на вонредната состојба како и 90 дена од престанокот на траење на вонредната состојба.

### Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-3060/1
13 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.